**СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ Скопје**

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА, БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Основна дејност на СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ е трговија на големо со течни, гасовити горива и слични производи, трговија на мало на моторни горива и мазива во специјализирани продавници и складирање на нафта и на нафтени деривати.

СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ е компанија која високиот степен на ефикасност и ефиктивност на ИНТЕГРИРАНИОТ МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМ, согласно стандардите ISO 9001:2015, ISO 14001:2015 и ISO 45001:2018, го поставува како темел на своето работење и постојаното унапредување на компанијата.

Политиката на работа на компанијата ги содржи следниве цели и начела:

- Процесен пристап при планирањето на активностите и нивната меѓусебна поврзаност преку планирање, извршување, контрола и подобрување.
- Идентификација на внатрешни и надворешни влијанија, следење на општествени, политички, економски и технолошки промени, воочување на ризици и можности со цел континуирано унапредување на квалитетот.
- Обезбедување на производи и услуги кои одговараат на сите нормативни барања и стандарди.
- Долготрајна соработка и континуирано следење на степенот на задоволство на клиентите, испорачателите и останатите заинтересирани страни; почитување и исполнување на барањата, препораките и рекламациите од заинтересираните страни преку коректност и исполнување на превземените обврски во договорените рокови.
- Менаџирање на тим од високостручни и мотивирани вработени, преку континуирани обуки и едукација, како основна потпора на системот за управување со квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа.
- Одржување на пријатен творечки амбиент и посветеност при создавање на безбедни и здрави услови за работа, со цел спречување повреди и нарушување на здравјето на вработените.
- Заштита и одржување на животната средина преку редовно мониторирање, идентификување и преиспитување на аспектите и влијанијата кои произлегуваат од работењето и постојано унапредување на системот.
- Редовно следење на законската легисталтива и целосна усогласеност со нејзините барања.
- Следење на климатските промени и адаптирање на работењето во сите сегменти каде промените имаат влијание, а со цел намалување на ризиците во однос на: здравјето и безбедноста во работењето, животната средина, како и ефективноста и ефикасноста на работните процеси, намалување на загубите и одржување на квалитетот на производите.

Скопје, 05.12.2024 год.

Управител
Снежана Стајиќ